Влада на Република Северна Македонија

Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество

# Комуникациска стратегија на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество 2026 – 2028

Скопје, јуни 2026 година

Врз основа на член 36 став 4 од Деловникот за работа на Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество бр.33-16/2 од 25.09.2025 година, Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, на седницата одржана на 16.06.2026 година, донесе

# Комуникациска стратегија на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество 2026 – 2028

## 1. ВОВЕД И НАМЕНА

Во оваа Комуникациска стратегија[1] се дефинирани стратешките насоки, принципите и оперативните пристапи според кои Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество (во натамошниот текст: Советот) ќе ја спроведува својата комуникација во периодот 2026–2028 година[2]. Стратегијата ги поддржува надлежностите на Советот да промовира структуриран дијалог, да ја зајакне соработката помеѓу јавните институции и граѓанските организации и да придонесе кон транспарентно, инклузивно и одговорно креирање политики.

Стратегијата има за цел да ја зајакне комуникацијата со јавноста и видливоста на Советот, преку зголемена достапност на неговата работа, улога и релевантност за граѓанското општество, институциите, медиумите и пошироката јавност во Република Северна Македонија. Оваа стратегиска рамка понатаму ќе се операционализира преку годишни планови за комуникација.

**Стратегијата има за цел да:**

- Ја зајакне двонасочната комуникација и ангажман со граѓанските организации и институциите,
- Промовира навремена, инклузивна комуникација базирана на докази,
- Обезбеди кохерентни, координирани и професионални комуникациски практики,
- Го подобри јавното разбирање и препознавање на улогата и активностите на Советот меѓу граѓанското општество, медиумите и пошироката јавност.

## 2. КОНТЕКСТ И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Ефективната комуникација е од суштинско значење за кредибилитетот на Советот, неговата задача да го олесни дијалогот и неговата улога во унапредувањето на овозможувачката околина за развој на граѓанското општество. Иако Советот ги користи предностите од силниот правен мандат и активната техничка и административна поддршка од Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Секретаријатот), неколку предизвици во обезбедувањето ефективна и конзистентна комуникација продолжуваат да го ограничуваат неговото целокупно влијание.

---

[1] Комуникациската стратегија на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество е изработена со експертска поддршка од проектот „Техничка поддршка за унапредување на овозможувачката средина за граѓанските организации во Република Северна Македонија", финансиран од Европската унија и усогласена со членовите на Советот на работилница организирана од проектот на 15-16 јуни 2026 година

[2] Советот работи во правната рамка утврдена со Одлуката на Владата за формирање на Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество („Службен весник на РМ" бр. 98/16 и 164/17 и Службен весник на РСМ" бр. 97/19, 116/21 и 269/24) и Деловникот за работа на Советот, донесен на 25 септември 2025 година.

## 2.1 Институционален контекст

Советот е национална советодавна платформа што ги спојува претставниците на јавните институции и граѓанското општество, со цел да се даде поддршка на соработката, транспарентноста и инклузивното креирање политики. Неговиот состав, базиран на претставници од ресорни министерства и граѓански организации избрани преку јавен повик, обезбедува балансирано и репрезентативно учество.

Во Деловникот за работа на Советот се дефинирани јасни обврски за транспарентноста, јавноста и консултациите[3]. Од членовите, од редовите на институциите и граѓанските организации, се очекува континуирано да бидат во комуникација со своите конституенти, преку информирање, консултирање и известување за работата на Советот[4]. Зајакнувањето на овие комуникациски практики и напорите истите да бидат структурирани, инклузини и ефикасни е суштински значајно за подобрување на легитимитетот и обезбедување значајно учество.

## 2.2 Анализа на состојбата

Развојот на структуриран дијалог помеѓу Владата и граѓанските организации е клучен предуслов за демократска отпорност и одржливост на реформите во контекст на процесот на пристапување во Европската унија. Европската комисија редовно го следи напредокот во оваа област преку годишни извештаи за земјите, во кои постојано се истакнува важноста на ефективната соработка, транспарентноста и учеството на јавноста.

Секретаријатот има централна улога во поддршката на комуникациските активности на Советот. Тој обезбедува редовно објавување записници, документи, повици и одлуки на веб-страницата на Советот (www.nvosorabotka.gov.mk) и дистрибуира релевантни информации, вклучително и повици за придонес кон годишната програма на Владата, преку веб-страницата и мејлинг листата. Овие практики обезбедуваат солидна основа за транспарентност и комуникација и се поддржани од јасниот мандат на Советот усогласен со националните приоритети и стандардите на ЕУ.

И покрај овие предности, постојат неколку области во кои Советот би можел да генерира поширока видливост и досег. Советот треба да биде повидлив и надвор од кругот на основните засегнати страни, да го зголеми учеството на граѓанските организации во консултациите и поредовно да биде присутен на медиумите. Ограничените комуникациски ресурси дополнително го намалуваат спроведувањето на постратешки комуникациски активности. Засилено проактивно планирање и посилна внатрешна комуникација и координација меѓу членовите на Советот би помогнале да се обезбеди конзистентност на пораките и ефективно следење на развојот и спроведување натамошни активности.

Во исто време, поширокиот контекст нуди важни можности за зајакнување на комуникациската улога на Советот. Реактивирањето на Советот по назначувањето на неговите членови во март 2025 година, постоењето на партиципативни механизми, како што се Националниот совет за евроинтеграции и Советот за координација и следење на процесот на Партнерството за отворена власт, како и присуството на добро воспоставени мрежи на граѓански организации создаваат поволни услови за подобрен досег и ангажман.

Сè поголемата улога на граѓанското општество во процесот на интеграција во ЕУ дополнително ја зајакнува важноста на Советот како национална платформа за дијалог. Добро воспоставените мрежи на граѓански организации и ресурсни центри можат да послужат како ефикасни мултипликатори, проширувајќи го досегот и овозможувајќи поинклузивно учество. Во исто време, барањата на јавноста

---

[3] Деловник за работа на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, донесен на 25 септември 2025 година, членови 36 (Јавност на работата), 37 (Обврски за комуникација на членовите на Советот од редот на граѓански организации) и 38 (Обврски за комуникација на членовите од редот на институции).

[4] Ibid, член 14 (Права и должности на членовите на Советот), став 2, точки 5 и 6.

за транспарентност и вклучување во креирањето политики е во пораст, со што се создаваат поволни услови за зајакнување на практиките за комуникација и ангажирање.

Сепак, овие можности се придружени со неколку ризици. Меѓу различните фактори што можат да влијаат на имплементацијата, два се особено релевантни во сегашниот контекст. Јавната доверба во институциите останува кревка, што може да влијае на тоа како се перципира и толкува комуникацијата на Советот. Понатаму, ограничувањата во човечките и финансиските ресурси во рамките на Секретаријатот можат да го ограничат обемот, динамиката и квалитетот на комуникациските активности.

## 3. СТРАТЕГИСКА РАМКА

### Општа цел

Да се унапреди институционалниот и инклузивен дијалог помеѓу Владата и граѓанското општество за прашања релевантни за развојот на граѓанското општество во Република Северна Македонија.

### Специфични цели

- Да се зајакне учеството на граѓанските организации и другите засегнати страни во процесите на консултации, следење, давање препораки за спроведувањето на Стратегијата и другите јавни политики кои влијаат на граѓанските организации.

- Да се подобри видливоста и јавното препознавање на улогата, надлежностите и активностите на Советот, меѓу граѓанското општество, институциите, медиумите и пошироката јавност.

- Да се зајакне систематската комуникација на членовите на Советот со институциите или организациите што ги претставуваат за конструктивно, доследно и ефективно учество во работата на Советот.

### Хоризонтални начела

Спроведувањето на Комуникациската стратегија е водено од збир на хоризонтални начела со кои се води грижа за сите комуникациски активности кои ги одразуваат надлежностите, вредностите и посветеноста на Советот за транспарентно и партиципативно управување. Овие начела го обликуваат начинот на кој информациите се подготвуваат, презентираат и споделуваат со различни целни групи и ги поддржуваат напорите на Советот за градење доверба и ангажман помеѓу владините институции и граѓанското општество.

- *Транспарентност и отчетност*
  Се бара од Советот и неговите членови да ги направат информациите за нивната работа лесно достапни, навремени и комплетни. Тука е вклучено редовно објавување на соопштенија за јавноста, одлуките и извештаите, овозможувајќи им на засегнатите страни и јавноста да ја следат работата и напредокот на Советот и да разберат како се донесуваат одлуките.

- ***Комуникација базирана на докази***
  Се гарантира дека пораките и јавните информации се темелат на точни податоци, веродостојни анализи и проверени извори. Ова го зајакнува кредибилитетот на Советот и поддржува подобро информирање и конструктивен дијалог меѓу институциите и граѓанското општество. Членовите на Советот не искажуваат лични ставови во име и за сметка на Советот.

- *Јасност и едноставност*

  Се гарантира дека реформските процеси се презентирани на начин што е лесно разбирлив за сите граѓански организации и засегнати страни, без оглед на нивната големина, капацитети или тематски фокус, помагајќи да се подобри свеста и да се разберат клучните реформи.

- *Инклузивност и широк досег*

  Се одразуваат заложбите на Советот за вклучување на граѓански организации од сите сектори, региони и нивоа на развој. Посебно внимание ќе се посвети на досег до помали и помалку видливи организации, како и до оние кои не се дел од веќе воспоставените мрежи, како гаранција дека различните перспективи се слушнати и претставени во консултациите и процесите на донесување одлуки.

- *Пристапност*

  Вклучувањето едноставна комуникација ќе осигура дека информациите се достапни за различни целни групи во формати и јазици што поддржуваат еднаков пристап, вклучително и за ранливите и недоволно застапените групи. Ова вклучува обезбедување клучни материјали, користење достапни дигитални формати и примена на практики што им овозможуваат на сите заинтересирани засегнати страни суштински да се вклучат во работата на Советот.

Заедно, овие хоризонтални начела нудат конзистентна рамка за сите комуникациски напори на Советот. Тие се гаранција дека комуникацијата ќе биде веродостојна, инклузивна и во согласност со меѓународните стандарди, со што се зајакнува довербата од јавноста и се поддржува значајно учество во креирањето политики.

## 4. ЦЕЛНИ ГРУПИ

Во согласност со својот мандат, Советот соработува со широк спектар на актери вклучени во дизајнирањето, спроведувањето и следењето на владините политики што влијаат врз граѓанското општество. Неговата работа се фокусира на прашања што произлегуваат од владините политики за кои е потребна повратна информација од граѓанските организации, како и на иницијативи предложени од граѓанските организации насочени кон додавање нови приоритети на владината агенда.

Затоа, ефективната соработка со организациите-членки, владините тела, министерствата и претставниците на граѓанското општество е од суштинско значење. Ангажманот со локалните самоуправи, приватниот сектор, академската заедница и медиумите, исто така, придонесува кон создавање поповолна средина за развој на граѓанското општество. Овие односи ги дефинираат целните групи на Советот.

За целите на оваа Стратегија, целните групи се дополнително категоризирани како внатрешни и надворешни, што ги одразува нивните улоги во работата и комуникациските процеси на Советот.

**Внатрешни целни групи**

- Членови на Советот – 14 претставници на граѓански организации и нивните заменици
- Членови на Советот – 13 претставници на министерства и нивните заменици
- Секретаријатот (Одделението за соработка со невладини организации)

**Надворешни целни групи**

- Мрежи и граѓански организации
- Медиуми
- Собранието
- Владата и органите на државната управа

- Единици на локалната самоуправа
- Меѓународни партнери (ЕУ, донатори)
- Општата јавност

## 5. СТРАТЕГИСКИ ПРИСТАП ВО КОМУНИКАЦИИТЕ

За ефективно да се допре до сите внатрешни и надворешни целни групи, Советот ќе спроведе низа комуникациски активности усогласени со своите цели и хоризонтални начела. Овие активности се групирани во четири комплементарни области: институционална комуникација, односи со јавноста, внатрешна комуникација и надворешна комуникација. Заедно, тие поддржуваат транспарентна размена на информации, го зајакнуваат ангажманот и ја зголемуваат видливоста на работата на Советот.

Избирањето и подредувањето конкретни активности по приоритет дополнително ќе се дефинираат преку годишните планови за комуникација, земајќи ги предвид расположливите ресурси и потребите што ќе се појават.

### 5.1 Институционална комуникација

Институционалната комуникација обезбедува редовен, структуриран и сигурен проток на информации помеѓу Советот, неговите членови, Секретаријатот и јавноста, преку низа координирани активности. Овие активности претставуваат основа за транспарентност и го поддржуваат информираното учество во работата на Советот[5].

**Клучните активности вклучуваат:**

- Редовно ажурирање на веб-страницата на Советот (nvosorabotka.gov.mk) со соопштенија за јавноста, записници, извештаи, повици, одлуки и други релевантни материјали;
- Надградба и промоција на постоечката веб-страница или развој на нова, модернизирана верзија на онлајн платформата на Советот;
- Развивање и одржување на конзистентен визуелен идентитет за Советот и неговите комуникациски производи;
- Воспоставување и одржување заеднички внатрешен работен простор за складирање документи, размена на информации и знаења и следење на одлуките и случувањата во Советот.

### 5.2 Односи со јавноста

Активностите за односи со јавноста се фокусираат на зајакнување на видливоста на Советот во јавната сфера, подобрување на соработката со медиумите и пренесување клучни пораки поврзани со мандатот, работата и резултатите на Советот. Овие напори придонесуваат за кредибилитетот, транспарентноста и јавната свест.

**Клучните активности вклучуваат:**

- Прес-конференции, брифинзи за медиумите и планирани средби со новинари;
- Подготовка и дисеминација на соопштенија за јавноста, изјави и клучни пораки;

[5] Деловник, член 36 (Јавност на работата), ставови 1-2.

- Уреднички статии, колумни и интервјуа во печатени и онлајн медиуми и телевизиски настапи за презентирање на работата на Советот;
- Креирање профили на социјалните медиуми и нивно активно користење за ширење информации, споделување новости, повици за учество и клучни случувања;
- Информативни сесии и тематски средби со граѓански организации од различни региони и сектори;
- Тематски неформални настани со граѓански организации, институции и други засегнати страни за поттикнување на дијалогот и соработката;
- Продуцирање на аудиовизуелни и дигитални содржини (на пр. кратки видео записи, кратки видеа за социјалните мрежи (рилс), инфографици);
- Производство на печатени информативни материјали, вклучувајќи брошури, летоци и информативни листови;
- Развој на промотивни материјали што ги истакнуваат мандатот на Советот, достигнувањата и можностите за учество на граѓанските организации.

### 5.3 Внатрешна комуникација

Активностите за внатрешна комуникација главно имаат за цел членовите на Советот да бидат соодветно информирани и подготвени да учествуваат во процесите на Советот, со посебен акцент на претходна подготовка за седниците на Советот, навремена размена на информации, ефективна внатрешна координација и систематско следење на заклучоците на Советот.

**Клучните активности вклучуваат:**

- Подготовка и дистрибуирање на дневните редови, придружните материјали, нацрт-записниците и забелешките за следење пред секоја седница на Советот;
- Организирање периодични координативни состаноци и настани за градење капацитети за поддршка на заедничкото планирање и разјаснување на улогите и одговорностите;
- Спроведување редовни брифинзи и координативни состаноци со надлежните владини служби за да се обезбеди усогласеност со пошироките јавно-политички приоритети;
- Поддршка за членовите на Советот во спроведувањето редовни брифинзи и координација со нивните конституенти, за да се обезбеди значајно учество и ефикасно следење на работата на Советот;
- Воспоставување протокол за комуникација и споделување навремени информации во рамки на министерствата застапени во Советот.

### 5.4 Надворешна комуникација

Надворешната комуникација има за цел сите надворешни целни групи, како што е дефинирано во Точка 4 од оваа Стратегија, да имаат навремени и достапни информации за седниците на Советот, одлуките, консултациите и можностите за учество, истовремено зајакнувајќи ја свеста за мандатот на Советот и улогата на структурираниот дијалог во овозможувачката околина за граѓанското општество.

**Клучните активности вклучуваат:**

- Редовно известување за новините, објавување покани и известувања за консултации преку веб-страницата на Советот, каналите на социјалните медиуми и мејлинг листите;
- Организирање отворени информативни сесии и тематски средби со граѓански организации во различни региони во поддршка на инклузивното учество;
- Подготовка и дистрибуција на соопштенија за јавноста, квартални информатори, јавни изјави и материјали за брифинзи, како и проактивно ангажирање со медиумите преку интервјуа и брифинзи;
- Создавање и дисеминација на јасни и достапни комуникациски материјали, вклучувајќи видео содржини, инфографици и печатени информативни производи;
- Соработување со мрежи на граѓански организации, единици на локалната самоуправа и меѓународни партнери за проширување на досегот и засилување на комуникациските пораки;
- Назначување централна контакт-точка за медиуми и за јавни прашања;
- Поддршка за дисеминацијата на комуникациските материјали на Советот од страна на членовите на Советот и нивните конституенти преку организациски канали и јавни настани.

## 6. СИСТЕМ НА УПРАВУВАЊЕ И УЛОГИ

Ефективното спроведување на Комуникациската стратегија бара активно ангажирање од сите одговорни тела, навремена внатрешна координација и конзистентна надворешна комуникација. Јасно договорениот систем за управување и добро дефинираните улоги и одговорности се од суштинско значење за да се обезбеди кохерентност, отчетност и континуитет во комуникациските напори.

Претседателот на Советот и заменик-претседателот јавно го претставуваат Советот. Тие се грижат комуникацијата да остане усогласена со мандатот на Советот и поширокиот политички контекст.

Постојаната работна група за комуникации има централна координативна улога[6]. Таа го надгледува спроведувањето на комуникациските активности и дава препораки за зајакнување на информираноста, видливоста и испраќањето пораки. Во согласност со својот мандат, според Деловникот за работа на Советот, работната група е одговорна за следење на спроведувањето на Комуникациската стратегија.

Членовите на Советот дејствуваат како главни точки за комуникација со организациите или институциите што тие ги претставуваат. Членовите од редовите на граѓанските организации се одговорни за информирање, консултирање и собирање повратни информации од нивните мрежи и тематски заедници[7], додека претставниците од министерствата ги пренесуваат дискусиите и заклучоците на Советот во рамките на нивните институции[8]. Овој двонасочен проток на информации е од суштинско значење за легитимитетот, подготвеноста и координираното следење на политиките.

Секретаријатот обезбедува техничка и административна поддршка за комуникациските активности на Советот[9]. Како структура за административна и техничка поддршка на Советот, тој управува со внатрешните и надворешните текови на информации, подготвува и дистрибуира комуникациски

[6] Ibid., член 30, став 1 (Постојани работни групи), став 2 (Надлежности на Работната група за комуникации); член 31 (Членство и координација).
[7] Ibid., член 37, ставови 1-5 (Обврски за комуникација и консултации на членовите од редот на граѓанските организации).
[8] Ibid., член 38, ставови 1-3 (Обврски за комуникација на членовите од редот на институции).
[9] Ibid., член 32 (Административно-технички функции на Советот), став 1, точки 2-8.

материјали, ги одржува дигиталните платформи на Советот и обезбедува редовно објавување на записници, извештаи и одлуки. Секретаријатот е одговорен и за обезбедување видливост на работата на Советот и придонесува за годишното известување во рамките на Годишниот извештај за работата на Советот[10].

## 7. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА, ПЛАНИРАЊЕ И РЕВИЗИЈА

### 7.1 Стратегиска рамка за имплементација

Спроведувањето на Комуникациската стратегија е засновано на Стратегискиот план за комуникација, што служи како рамка за стратешко планирање и ги поврзува специфичните цели на Стратегијата со приоритетните целни групи, основните пораки и индикативните комуникациски пристапи за периодот 2026–2028. Стратегискиот план за комуникација обезбедува конзистентна референтна точка за планирање и обезбедува доследност во сите комуникациски напори за сето времетраење на Стратегијата.

Секретаријатот служи како примарен технички и административен ресурс за спроведување на Комуникациската стратегија. Тој го поддржува Советот преку координирање на комуникациските процеси и извршување основни технички функции, вклучувајќи ја подготовката на комуникациски материјали, одржувањето и ажурирањето на дигиталните платформи, координација со медиумите и засегнатите страни и поддршка на членовите на Советот во исполнувањето на нивните комуникациски улоги.

Стратегијата се потпира на активното учество на членовите на Советот, како претставниците на граѓанските организации така и претставниците на институциите, кои придонесуваат преку комуникација со своите целни групи, министерства и секторски групи. Нивниот ангажман е суштински дел од целокупната комуникациска стратегија и претставува гаранција дека дискусиите, заклучоците и процесите на Советот ќе се шират преку повеќе канали.

### 7.2 Годишни планови за комуникација и буџет

Годишните планови за комуникација ја операционализираат Комуникациската стратегија преку дефинирање конкретни комуникациски активности, очекувани резултати, временски рокови, одговорности и показатели.

Плановите се подготвуваат на годишна основа и се усогласени со годишните приоритети и програмата за работа на Советот и обезбедуваат јасна и реалистична рамка за имплементација. Секој годишен план за комуникација ги вклучува главните целни групи, комуникациските активности, клучните пораки и, каде што е применливо, финансиските ресурси потребни за негово спроведување. Каде што е релевантно, плановите ќе вклучуваат и индикативни проценки за човечките ресурси потребни за поддршка на планираните активности.

Подготовката и спроведувањето на Годишните планови за комуникација ќе бидат координирани од Секретаријатот во неговата улога како секретаријат на Советот[11]. Секретаријатот е одговорен за секојдневната координација на комуникациските активности, подготовката на нацрт-годишните планови за комуникација и координирањето на придонесите односно информациите добиени од релевантните актери. Секретаријатот ги интегрира извештаите за комуникациските активности во Годишниот извештај за работата на Советот, врз основа на информациите добиени од Постојаната

[10] Ibid., член 32, став 1, точки 4 и 7; поточно, точка 7 му ја доделува на Секретаријатот одговорноста за обезбедување видливост на работата на Советот.
[11] Деловник, член 32, став 1, точки 2, 4 и 7.

работна група за комуникации, која е одговорна за следење на спроведувањето на Комуникациската стратегијата.

Постојаната работна група за комуникации ќе ги разгледува нацрт-годишните планови за комуникација кои ќе се доставуваат до Советот за дискусија и одобрување.

### 7.3 Следење, известување и ревизија

Следењето на Комуникациската стратегија ќе се врши преку спроведувањето на Стратегискиот комуникациски план и Годишните планови за комуникација, кои се дел од Годишниот извештај на Советот за неговата работа[12].

Деталните методи за проценка, вклучувајќи показатели и временски рокови, ќе бидат дополнително дефинирани во рамките на Годишните планови за комуникација, земајќи ги предвид вкупното времетраење и приоритетите на Стратегијата.

Постојаната работна група за комуникации ќе го разгледува напредокот во спроведувањето и Советот ќе биде известен преку Годишниот извештај за работата на Советот. Следењето ќе се фокусира на целокупниот напредок, клучните достигнувања, предизвиците и научените лекции.

Врз основа на наодите од следењето, повратните информации од засегнатите страни и комуникациските потреби (што се менуваат со времето), може да се направат измени преку идните годишни планови за комуникација, со цел комуникациските активности да останат релевантни, изводливи и усогласени со мандатот и приоритетите на Советот.

Бр. 34 – 20/1
16.06.2026 година
Скопје

Претседателка на Советот за соработка
меѓу Владата и граѓанското општество
Никица Кусиникова

[12] Ibid., член 30, став 2 (мандат на Работната група за комуникации); член 32, став 1, точка 4 (подготовка на Годишен извештај).